РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3270/2
09-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 45та седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3270/1 од 21.09.2020 година, против -----------, поранешен пратеник во Собранието на РСМ, , **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување, бидејќи пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот закон.

Предметот со број 12-3270/1 од 21.09.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 21.09.2020 година, поднесена е пријава против поранешниот пратеник во Собранието на РСМ од Гостивар, ------------, и оформен е предмет број 12-3270/1 од 21.09.2020 година.

Во пријавата, подносителот на нечитлив начин наведува дека поранешниот пратеник влијаел во голем број на вработување во --------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот закон, па согласно тоа ДКСК нема надлежност за постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: К.Н-член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk